МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Арх. знак ____
Рок на чување ____
____ 20 ___ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-11/3 - 979/2017 од 08.05.2018 год.

Врз основа на член 106 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16) постапувајќи по барањето на АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје бр.УП1-11/3 979/2017 од 03.07.2017год., за добивање А-Интегрирана еколошка дозвола, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

За отфрлање на барањето за добивање на А – Интегрирана еколошка дозвола , на операторот АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје

1. Барањето на АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје бр. УП1-11/3 979/2017 од 03.07.2017 год. за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола се отфрла.

## Образложение

Правниот субјект АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје поднесе барање за добивање на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. УП1-11/3 979/2017 на ден 03.07.2017 год. Постапувајќи по барањето, во согласност со процедурата за издавање на дозвола, член 106 став 1 алинеа 4 од Законот за животна средина, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со заклучок бр. УП1-11/3 979/2017 од 05.01.2018 год.е определен рок од 30

дена, да го дополни барањето со податоци. Правниот субјект АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје во определениот рок не постапи по дадените задолжувања.

Со оглед на тоа што во предвидениот рок од страна на барателот АКТОР-АДТ Грција-подружница Скопје, не е постапено по заклучокот и не е доставена бараната дополнителна документација, Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 106 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезосрката сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил:
Фатос Балиу
Согласен:
Назим Алити

Одобрил
Директор на Управа за жс
Xhezmi Saliu